# Комерцијален оглас



Врз основа на член 19 став 1 и 2 од Правилникот за изведување на училишни екскурзии од средните училишта, а во согласност со член 24 а, став 1 и 2 од Законот за средно образование, Претседателот на комисијата за прибирање на понуди, распишува

**ОГЛАС**
**за прибирање на понуди за изведување на завршна екскурзија**

СОУ „Наум Наумовски - Борче" од Крушево во согласност со Програмата за изведување на повеќедневна завршна екскурзија со учениците од трета година четиригодишно образование и втора година тригодишно образование во учебната 2022/2023 год. и добиено мислење од Советот на родители бр.03-127/1 од 28.02.2023 год. и мислење од Бирото за развој на образованието со број 03-104/1 од 22.02.2023 год., организира повеќедневна завршна екскурзија надвор од Република Северна Македонија на релација

**Крушево – Бари – Неапол – Рим – Ватикан – Фиренца - Верона - Лидо ди Јесоло – Венеција – Словенија – Хрватска - Србија – Крушево**

Задолжителни места кои треба да се посетат со влезници вклучени во цената:

- Бари - посета црквата Свети Никола со влез
- Неапол - Разглед на градот со локален водич: Кралска палата, црквата Сан Франческо Ди Паола, Кастел Нуово.
- Разгледување на Рим со локален водич: гробот на св. Климент, Римскиот Форум, Колосеумот, Форумот на Цар Трајан, Капитол, плоштади: Венеција и Еспанија, шпанските скали, Фонтана Ди Треви и Пантеон (со влез).
- Разгледување на Ватикан со локален водич, Ватиканските музеи, црквата св. Петар, Сикстинската капела (со влез). Попладневна посета на трговски шопинг-центар.
- Фиренца - разгледување на градот: мостот Понте Векио, Катедралата, плоштадот Сињори и статуата на Давид.
- Верона – посета и разгледување на Арената, плоштадите: Дел Ербе и Дел Сињори, куќата на Јулија
- Венеција – превоз со брод од Пунте Сабионе до Венеција и обратно, разгледување со локален водич, посета на црквата Сан Марко (со влез), Дуждевата палата, мостот Риалто, мостот на воздишките, каналот Гранде.

На Огласот за прибирање на понуди можат да се јават правни лица кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Да се регистрирани согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
- Да имаат успешно реализирани најмалку (3) три ученички екскурзии во последните (3) три години пред пандемијата, надвор од нашата држава;
- Да ги исполнуваат условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот на посебни технички барања на возилото со кое се превезуваат групи деца;
- Да поседуваат лиценца А;
- Автобусот (минибусот) да ги исполнува условите за Euro 5 или Euro 6 стандард

Во условите дадени во понудата не треба да има алтернативни решенија односно истите се точно определени без можност да се менуваат.

Во понудата треба да бидат вклучени: трошоците за пат во кои се вклучени и картите за траектот Игуменица – Бари, како и карта од Пунто Сабионе до Венеција и назад, храна (појадок и вечера), сместување во хотели со најмалку три ѕвезди, основно или стандардно патничко осигурување без франшиза, да се обезбедат водич и лекар за патувањето. Агенцијата е должна да достави во понудата цени по позиции, односно посебна цена за секое ноќевање ( со вечера и појадок), посебна цена за секоја влезница и тоа: цена за влезница во Ватикан, цена за влезница во Пантеон, посебни цени за локалните водичи во Венеција, Ватикан и Рим. Посебните цени заедно со трошоците за пат и патничкото осигурување да ја дадат вкупната цена на екскурзијата по ученик.

Плаќањето да биде на рати, така што до поаѓање на екскурзијата ќе биде исплатено 75% од цената на аранжманот, а последната рата ќе се плати по реализација на екскурзијата. Екскурзијата да се изведе во месец април, период од 23 мај до 28 мај, 2023 година со три ноќевања и тоа: две во Рим и едно во Лидо ди Јесоло.

Очекуван број на ученици – 25+ 2 класни раководители

На денот на потпишување на договорот избраниот понудувач е должен да достави и банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата од 10% од вкупната вредност на договорот.

Критериум за избор е најниска цена при исти услови од понудувачите.

Понудите треба да се доставаt во рок од 5 работни дена од објавувањето на огласот во јавните гласила.

Потребните дополнителни информации во врска со екскурзијата, може да се добијат во директен контакт со училиштето или по електронски пат на email: nnborce@gmail.com. Лице за контакт директор Снежана Миленковска и раководител на екскурзијата Димитар Златески.

Понудите да се достават на адреса СОУ „Наум Наумовски - Борче" Крушево, ул. „Тодор Проески"бр.91, 7550 Крушево, во затворен плик со назнака „ за Комисијата за прибирање на понуди за завршна екскурзија".

Некомплетни и ненавремени понуди нема да се разгледуваат.

**Комисија за разгледување на понуди**
**Хрисула Влаху Чачороска**
**Претседател на комисијата**

---

Врз основа на член 90, став 1, точки 1, 2, 3 и 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 23, став 1, алинија 4 и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 1/2023**
**за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност:**

1 (едно) лице од редот на студентите

Услови за избор:

- да е редовен студент на на Универзитетот „Св. Кири и Методиј" во Скопје.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција согласно со Законот за високо образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае 5 дена, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј" во Скопје, бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: e.dodevska@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**

---

Врз основа на член 16, став 9, алинеја 8 и член 18, ставовите 1, 2 и 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/2013 и 30/2016) и член 34-а од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година и барањата за номинација на лице за член во Секорска комисија бр. 2109-15 од 26.9.2022 година, бр. 2109-23 од 26.9.2022 година, бр. 2109-32 од 26.9.2022 година и бр. 2109-79 од 14.12.2022 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 2/2023**

**Член 1**

за избор на членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, во:

1) Секторска комисија за градежништво и геодезија, 1 (еден) член;
2) Секторска комисија за електротехника, 1 (еден) член;
3) Секторска комисија за лични услуги, 1 (еден) член;
4) Секторска комисија за машинство, 1 (еден) член;
5) Секторска комисија за угостителство и туризам, 1 (еден) член;
6) Секторска комисија за хемија и технологија, 1 (еден) член;
7) Секторска комисија за геологија, рударство и металургија, 1 (еден) член;
8) Секторска комисија за уметност, 1 (еден) член.

Критериуми за избор:

- завршено високо образование од областа на соодветниот сектор
- компјутерски вештини (MS Office)
- познавање на англиски јазик (најмалку B1 ниво)
- најмалку 5 години работно искуство во соодветниот сектор
- познавање на занимањата во соодветниот сектор
- посебно професионално искуство:
- учество во разни органи, тела и комисии од областа на соодветниот сектор
- учество во проектни развивање на програми.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV)
- изјава за конфликт на интереси.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Комисија.
Јавниот повик трае 10 работни дена од денот на објавувањето.
Документите се доставуваат:
- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј" во Скопје, бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**

